Фронт за Дошница - симбол на отпорот и еколошката правда: Ќе успее ли граѓанскиот пркос да ги спречи багерите?

„Дошница не е само река, туку комплексен екосистем од кој зависи целиот демиркаписки регион. Да ја дадеме за неколку мегавати струја во приватни џебови, е злосторство против идните генерации“.



Фото 1. Блокада и граѓански отпор за зачувување на Дошница. Извор на вметнатата: https://www.vecer.press/

Овој јасен, недвосмислен став на локалните еко-активисти, најдобро ја отсликува нивната непоколеблива борба за скриенот бисер на планината Кожуф.

Еколошката битка за Дошница е една од најинтензивните и најемотивните приказни за заштита на природата во Македонија изминатите неколку години. Локалните жители од Гевгелија, заедно со граѓанските здруженија и мрежата на екологисти, будно стојат на браникот на оваа река. Не дозволуваат изградба на уште една мини хидроцентрала. Предупредуваат дека тоа ќе го уништи биодиверзитетот, дека буквално ќе ги „збриши“ пастрмката и автохтоната македонска пчела, ќе ги загрози останатите видови жив свет и ќе ја доведе Дошница на раб на пресушување.

Изградбата не е стопирана од државата. Напротив. Инвеститорот има зелено светло на хартија, но процесот на терен е блокиран и закочен од силниот отпор на локалното население и еко-активистите.

Експертите и научната јавност бараат итно прогласување мораториум (привремен прекин) на сите градежни зафати на Дошница сè додека не се завршат научните истражувања и додека ова подрачје не се дефинира како идно заштитено подрачје. Најавено е и изготвување научна студија која треба да процени какво ќе биде влијанието на МХЕЦ врз Дошница и околината.

Дивата убавица од пазувите на Кожуф

Дошница е брза, ладна и чиста река. Извира високо на Кожуф, а нејзиниот тек е вистински природен феномен.На некои места е мирна, со волшебно смарагдна боја и толку прозирна, што можете да го изброите секое камче на дното. На други места, диво се пробива низ карпите, создавајќи мали водопади и природни базени, познати како „вирови“.

Ако ги прашате локалните жители, ќе ви кажат дека водата се пие директно од реката.

Во летните месеци, кога термометарот во Демир Капија и Гевгелија надминува 40 степени, клисурата на Дошница станува природен климатизер. Како што навлегувате подлабоко во шумата, температурата паѓа за неколку степени, а воздухот мириса на влажна земја, мов и диво нане.

Покрај реката, на неколку уредени локации, се забележуваат траги од излетници – мали камени огништа, дрвени клупи и сенки под дебелите крошни. Оние похрабрите не пропуштаат прилика да се искапат во ледените вирови, чија температура ретко достигнува 16 степени, дури и во најтоплите денови. За нив, ова е врвно освежување и адреналинско искуство.

Биодиверзитетскиот трезор

Дошница има исклучително богат и специфичен жив свет, кој опстојува токму поради тоа што водата е чиста, ладна и богата со кислород. Еколозите не залудно ја нарекуваат реката „биодиверзитетски трезор“.

Автохтоната македонска пастрмка (Salmo macedonicus) е кралицата на Дошница. Овој вид риба живее само во чисти, брзи и ладни планински води со карпесто дно. Но, тука е и речниот, поточен рак, најдобриот природен сертификат за квалитетот на водата, кој е екстремно чувствителен на секаков вид хемиско или органско загадување.

Во помирните вирови на реката може да се сретнат и помали речни риби.

Поради специфичната клисура и близината на Демир Капија (која е орнитолошки локалитет од светско значење), околу Дошница има богат птичји свет. Водниот кос, на пример, е вистинска атракција - буквално може да „оди“ и да нурка под вода во брзите речни струи, барајќи храна (ларви и инсекти).

Во карпите над клисурата на Дошница се гнездат и ретки видови орли и мршојадци (како што е египетскиот мршојадец), кои често кружат над речниот слив во потрага по храна. Густите букови и дабови шуми, пак, што ја опкружуваат реката и се протегаат нагоре кон Кожуф, се дом на големи и мали цицачи. Видрата, како и ракот, живее само таму каде што има изобилство на риба и незагадена средина. Таа е вешт ловец во вировите на Дошница. Во шумите редовно се среќаваат срни, диви свињи, лисици, а во повисоките делови на Кожуф и волци, како и балкански рис.

Посебен печат на природата и даваат растенијата што мирисаат на лек. Бреговите на Дошница се вистинска природна аптека. Поради специфичниот судир на медитеранската

клима (што доаѓа од Демир Капија) и планинската клима на Кожуф, тука успеваат диво нане, мајчина душичка и кантарион. Има и различни видови мов и папрати кои буквално висат од влажните карпи покрај реката, создавајќи сценографија која потсетува на прашума.

Активистите предупредуваат дека овој жив свет е силно меѓусебно поврзан - доколку реката се стави во цевки за хидроцентрали, водата ќе се затопли, кислородот ќе исчезне, а со тоа автоматски ќе исчезнат пастрмката, ракот и видрата. Затоа, според нив, борбата за Дошница не е борба за „обична вода“, туку за спас на цел еден жив синџир.

Хроника на еден револт: Кожуф да биде национален парк или заштитено подрачје - спречување узурпација и бетонизација на крајбрежјето на Дошница

Екологистите со години лобираат кај надлежните институции од локалната и централната власт, планината Кожуф, вклучително и сливот на реката Дошница, да добијат статус на национален парк или строго заштитено природно подрачје. Со тоа, нагласуваат, законски ќе се забрани секаква тешка индустрија, рударење и градба на хидроцентрали.



Фото 2. Активисти со транспарент „Сакаат да ги исечат вените на Кожуф“
Извор на фотографијата: facebook.com

Нивниот револт и страв е главно насочен против изградбата на нови мали (мини) хидроцентрали на Дошница и нејзините притоки. Посочуваат дека, иако старата централа од педесеттите години на минатиот век работи во хармонија со природата, модерните, мали хидроцентрали имаат сосема поинаков, деструктивен ефект.

Според активистите, малите електрани ја втеруваат реката во цевки (со километри) оставајќи го речното корито речиси целосно суво, го уништуваат биодиверзитетот, ја менуваат микроклимата, а при нивната изградба, за да се направат пристапни патишта за тешка механизација, се сечат и околните шуми.

Еколошките здруженија постојано укажуваат и на важноста од зачувување на живиот свет, особено на ендемските видови (македонската пастрмка и речниот рак). Бараат строг мониторинг и забрана за риболов во одредени периоди за да се обнови фондот.

Нивниот фокус е и еко-туризмот. Не сакаат Дошница да биде изолирана и затворена за луѓето, туку се борат за контролиран, одржлив туризам што подразбира поставување

еколошка урбана опрема (корпи за отпадоци кои редовно се празнат и дрвени патокази), едукативни патеки за деца и планинари и овозможување кампинг по строго утврдени правила (без палење оган на недозволени места каде што може да се предизвика шумски пожар). Во овој контекст, тие го посоуваат проблемот со излетниците кои зад себе најчесто оставаат голема количина отпадоци - пластика, лименки и други видови смет. Реагираат против негрижата на самите граѓани, но и против неажурноста на комуналните служби.

Став на активистите е и дека во непосредна близина на речното корито не смее да се дозволи неконтролирана урбанизација, како и изградбата на диви или полулегални објекти (платформи, приватни викендички, комерцијални рибници). Потенцираат дека секој бетон близу Дошница го нарушува нејзиниот природен филтер и ја загрозува чистотата на водата.

Моќта на заедницата: Стоп за малите хидроцентрали

Активностите за изградба на малите хидроцентрали се почнати (со сеча и пробивање патишта), но процесот е закочен – веднаш наиде на остри реакции и жесток граѓански отпор, што резултираше со блокади и инспекциски забрани.



Фото 3. Граѓански протест за реката Дошница. Извор: www.vecer.press/

Откако концесионерот почна со сечење шума, расчистување на теренот и копање по речното корито со багери и камиони, локалното население и еко-активистите од Гевгелија, Кавадарци и Демир Капија организираа „жив штит“ и блокади на патиштата кои водеа до реката. Тоа траеше со месеци, по што механизацијата привремено се повлече.

Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) изврши вонреден надзор на локациите на двете планирани хидроцентрали („Баров Дол“ и „Папрад“) и утврди сериозни неправилности: дека сечењето на шумата околу коритото и брегот се одвивало без соодветна дозвола од Министерството за животна средина, како и дека има отстапување од градежната дозвола (планираната траса за цевките била поставена на спротивниот брег од реката во споредба со одобрениот проект). Поради ова, на концесионерот му беше изречена забрана за натамошна сеча, до обезбедување соодветни документи.

Владата му го продолжи рокот на концесионерот за изградба и почеток со работа на централите, поради утврден застој кој, како што беше објаснето, не е по негова вина. Во мај 2026 година, активистите повторно ги активираа блокадите на планината Кожуф откако дознаа дека се подготвува нов обид за качување тешка механизација (овојпат најавено со приватно обезбедување) за да се продолжи со градењето.

„Баров Дол“ и „Папрад“ се локациите на реката Дошница на кои Владата одобрила да се градат две мали хидроцентрали.

„И струја да се произведува – не им ја сакаме“

-На македонските власти им е јасно дека нема да отстапиме. Тоа им го докажуваме веќе десетина години. Истиот сопственик што има изградено мини хидроелектрана на Конска Река, на Кожув, пред Смрдлива Вода, сега сака да гради уште една, на Дошница, а реката нема таков капацитет. И воопшто не му е гајле, а со целиот тој проект ќе се наруши биодиверзитетот, целиот еко систем. За што? За профит. Ние се документираме, имаме и видеа. Последното е од првата недела во јуни, кога треба да има најмногу вода во Дошница, од тоа што се собирало преку зимата - дожд, снег. Колку и да не си компетентен, знаеш дека не истекуваат 36 литри вода во секунда пред мини хидроелектраната, а во делот после хидроелектраната нема ни два литра во секунда. Тоа е дефинитивен доказ дека не станува збор за производство струја. Очигледно се работи за субвенции што ние ќе мора да ги плаќаме преку сметките за струја следните 20 години, вели активистката Марина Томова од „Чејнџмејкерс“.

Според неа, елаборатот на концесионерот не бил соодветно направен, но дозволата за градба му е продолжена, а му траела до 6 април.

-Има криминал и кривично дело тука - исечени се дрва во речното корито, речното корито е изместено. Елаборатот е направен нестручно, но и на таков начин, што се избегнуваат обврските да се заштити природата. Има и една реченица која вели дека Дошница е мртва река. Меѓутоа, во Дошница има ретки видови растителен и животински свет за што професорот Митко Караделев има напишано цела книга. И ние имаме документирани растенија, ракови, а тука е и автохтоната македонска пчела, напоменува Томова.

До нејзиното здружение стигнала информација дека се планира конвој со обезбедување. Иако било контактирано целото обезбедување во Гевгелија, сите негови вработени одбиле да дојдат, зашто знаат дека ќе треба, како што објаснува Марина, да ги чуваат машините и конвојот од своите сограѓани.

За изградбата на хидроцентралата никој од општината, ниту од централната власт, не им се обратил, ниту ги повикал на некаква консултација.

-Одлуката беше донесена во Општина Кавадарци, без јавна расправа и без известување на јавноста, а ја одобри Министерство за животна средина. Ние лани имавме блокади, 83 дена ја чувавме Дошница Прво делумно - одредени луѓе пуштивме да поминат, потоа направивме целосни блокади. Блокиравме осум патишта што водат до Дошница. Ние рековме пред 3,5

години дека Дошница не ја даваме, дека таму ќе се направи екоцид. Предупредивме дека сакаат да ги исечат вените на Кожуф. Таму се планирани уште две мини хидроелектрани. Јас бев контактирана од лице од „Македонски шуми“, на кое, веројатно, не му е јасно со кого си има работа. Наместо да зборите за „Македонски шуми“, тој мене ме убедува да не се бунам, само две цевки од 1.800 метри ќе имало, само два километра. Просто неверојатно, нагласува соговорничката.

Активистите постојано „чуваат стража“, на различни точки. Не дозволуваат да помине никаква механизација.

-Имаме луѓе на сите влезови - Гевгелија, патариниte, Кавадарци, Серменин, Петруш, секаде. Секаде имаме стража и нема да дозволиме некој да прави личен профит. Друго е да се произведува струја, но, дури и струја да се прави и да ни ја даваат без пари, не им ја сакаме, зашто ќе ја уништат реката. Ниту Дошница или која било река на Кожуф има капацитет да произведува струја. И доколку има, можеби тоа е период од само еден месец ако има доволно дождови и снегови, а сега нема. Еве, може да одиме и да видите, ни вели Марина, видно револтирана.

Таа и нејзините колеги-активисти се убедени дека зад целиот проект со малите електрани стои партиски, личен интерес.

-Политичарите имаат мини хидроелектрани во нивна сопственост. Но, овој пат, треба да им биде јасно, дека нема никако да отстапиме. Хидроцентрала нема да има. На граѓаните им е доста, особено на оние речиси 48 проценти што не гласаат. Инаку, се имаме документирано, какви се прекршоци се прават тука. Тие што работеле со багерите оставиле ѓубре, а има и нафта, масла. Знаете ли дека покрај река не смее да капне ниту една капка масло? И тука завршува сè. Нема што повеќе да се дискутира, децидна е активистката.

„Ако ја дадеме Дошница, ги даваме и останатите реки во Македонија“ - „жив ѕид“ против тешката мехазниација



Фото 4. Учесници на протест против малите хидроцентрали.
Извор: https://mrt.com.mk/

Томова потсетува и на иницијативата за изготвување независна студија за реката Дошница, од пред две години, зад која застанале 13 академици и различни здруженија на граѓани од сите три засегнати општини: Гевгелија, Демир Капија и Кавадарци. Иницијативата била прифатена и од тројцата градоначалници.

Упативме јавен апел до градоначалниците да ги исполнат своите ветувања, зашто општините веќе ја прифатија иницијативата да издвојат средства од буџетите за нови,

независни студии кои научно ќе го докажат влијанието врз животната средина и ендемските видови. Врз сонова на студијата ќе треба да се процени дали има загрозен растителен и животински свет. Откако се ќе се заврши, ќе видиме што ќе се случи со Дошница. До тогаш ќе правиме „жив sид“ за да не се гради. Проблемот, според мене, е тоа што од оваа река зависат многу други реки во Македонија. Ако ја дадеме Дошница, практично ги даваме сите останати реки во Македонија, но го даваме и Кожуф. Ова, всушност, е вид тест, ако се откажеме, ќе им бидат одврзани рацете на „велеможите“ да прават насекаде што сакаат, нагласува Томова.

За првата хидроелектрана на Кожув, тврди дека никој не знаел и дека ад-хок била направена, „преку ноќ“. -Се договара, доаѓа екипа, работи, но никој не знае ништо што и како, тоа е принципот, дополнува активистката.

Граѓанските здруженија остануваат на браникот на реката и на барањето да се стопира изградбата на малата хидроцентрала. Немаат дилема дека отпорот ќе успее.

Најнов апел до населението од Зелена народна стража за физичка блокада и одбрана на Дошница: Зошто Кожуф сè уште не е прогласен за национален парк?

елена народна стража на 29 јули годинава на својот фејсбук профил објави дека Дошница е повторно нападната од хидро-мафијата. Како што наведе, Владата на чело со хидро-мафијата, зад затворени врати, донела одлука за продолжување на рокот за изградба на двете мини хидроцентрали. Зелена народна стража во објавата го повикува населението на отпор, преку поставување физичка блокада и уште еднаш го поставува прашањето - зошто Кожуф сè уште не е прогласен за национален парк.





Фото 5. Градежна механизација и интервенции во пределот на Дошница.
Извор: https://www.slobodnaevropa.mk/

-Хидроцентрали на Дошница нема да има. После 70 дена блокади и јасен став дека никој тука не сака мали хидроцентрали, некој се дрзнува повторно да го погази народот и да ја претвори во пустина една од најчистите реки во Македонија. Ја одбранивме еднаш Дошница, ќе ја одбраниме повторно. Додека низ светот ги растураат малите хидро-централи, кои освен тоа што ја уништуваат цела природа околу себе, ги пресушуваат најчистите реки и го истребуваат сиот жив свет, немаат апсолутно никаков бенефит за никој, нашата Влада во тандем со хидро-мафијата повторно ја напаѓа реката Дошница на Кожуф планина. Останува и главното прашање, зошто Кожуф сè уште не е прогласен за национален парк? Дали бидејќи некој си ги полни џебовите со т.н. „еко“ проекти, на брз и

безобразен начин? Дали бидејќи Владата и неколку поединци решиле да ја продадат природата која не е нивна за сметка на животот на сите други луѓе? Луѓе од цела Македонија стоеја сложно на блокади и ја одбранија еднаш. Ќе ја одбраниме пак, наведуваат од Зелена народна стража на фејсбук.

Што вели науката?

Уште минатата година медиумите во земјава го пренесоа ставот на 12-те експерти (биолози, геолози, географи и хидролози), кои формално побараа министерот за животна средина и просторно планирање да го стави текот на реката Дошница и пределот околу неа под привремена заштита, согласно член 97 од Законот за заштита на природата.



Експертите, меѓу кои и академик Владо Матевски, изразија длабока загриженост и предложија итен мораториум на сите активности поврзани со изградба на мали хидроцентрали или други инфраструктурни зафати кои носат ризик од деградација на природата. Предупредија дека секоја интервенција која може да предизвика неповратна девастација на природните вредности (како што е изградбата на мали хидроцентрали), мора итно да се стопира.

Фото 6. Планински речен предел, претставен во сторијата како Дошница. Местото, авторството и оригиналниот извор на фотографијата не се потврдени; контекст: https://meta.mk/galerija-kade-treba-da-se-gradat-dvete-hidrocentrali-na-reka-doshnica/

Укажаа дека е потребно прво да се заврши целосната валоризација на подрачјето, да се дефинираат границите и зоните на заштита и да се изработи соодветен план за управување со идното заштитено подрачје.

Воедно апелираа до надлежните институции, инвеститорите и поширокатa јавност да го почитуваат овој научно-стручен пристап и да се воздржат од какви било зафати што можат да го компромитираат значењето и интегритетот на овој сè уште незаштитен, но извонредно вреден природен простор.

-Плановите за изградба на мали хидроенергетски централи во сливот на реката Дошница се актуелизираа во време кога е во тек сеопфатен процес на валоризација за прогласување на подрачјето на Демиркаписката Клисура за заштитено подрачје, кое го опфаќа целиот слив

на долното течение на реката Дошница. Министерството за животна средина и просторно планирање го утврди прогласувањето на заштитено подрачје на територијата на Општина Демир Капија како приоритет во својата Програма за заштита на природата за 2024 година, а целта на тековниот процес на валоризација е да ги идентификува значајните природни и пејзажни карактеристики на поширокото подрачје на Демиркаписката Клисура и да подготви стручна основа за негово идно прогласување за заштитено подрачје. Ова вклучува и детална анализа на долниот тек на реката Дошница, препознаена како една од најчистите и највредните водотеци во Македонија, богата со ендемски и ретки биолошки видови, исклучително значајна за зачувување на биодиверзитетот и водниот режим во регионот, потенцираа експертите.

Потенцираа и дека продолжувањето со вакви активности пред завршување на студијата за валоризација и пред донесување конкретни одлуки за зонирање и управување, може да резултира со непоправлива штета врз екосистемите, хидролошкиот баланс и потенцијалот за одржливо користење на подрачјето.

МЖСПП без одговор за Дошница, „глува“ и Општина Гевгелија

Пред речиси два месеца испративме прашања до Министерството за животна средина, но до денес, по скоро два месеца, се уште не добивме одговори. Останавме без официјален став за тоа дали изградбата ќе влијае врз снабдувањето со питка вода и наводнувањето во трите општини (Гевгелија, Демир Капија и Кавадарци), дали постои ризик од намалување на издашноста на изворите и нарушување на водоснабдителните системи за локалното население поради пренасочување на водата за потребите на хидроелектраната, каков ќе биде долгорочниот ефект врз опстанокот на живиот свет во речниот слив (особено на ендемските видови), врз планината Кожуф и локалниот туризам, како и дали локалното население е консултирано пред реализацијата на ваквите проекти и дали се земаат предвид неговите реакции (револтот, бојкотот, протестите).

Одговори нема ниту од Општина Гевгелија. Ветија дека ќе ни ги испратат информациите што ги бараме, но тоа не се случи. Најпрво изговор беа годишните одмори, а потоа веќе никој не одговараше на нашите пораки.

Поддршка од општините Демир Капија и Кавадарци за научната студија за Дошница?

Пред девет месеци инвеститорот на МХЕЦ имал средба со претставници на Општина Кавадарци. Како што велат од Општината, му било укажано да размисли дали е исплатливо да вложува во ваков бизнис, да гради мали хидроцентрали, со оглед на тоа колкав револт и отпор предизвикува кај жителите.

-Разговаравме, му беше укажано да земе се предвид и да размисли, зашто, сепак, се работи за мали хидроцентрали, а револтот кај жителите е голем, информираат од Општината.

Од Кабинетот на градоначалникот Митко Јанчев, се децидни дека Општина Кавадарци ќе ја поддржи инцијативата за изработка на научната студија за Дошница.

И Општина Демир Капија би поддржала изработка на научна студија за Дошница.

-На територијата на Општина Демир Капија не се најавени инвестиции за изградба на МХЕЦ Дошница, ниту се поднесени барања за мислења или согласности за произнесување на Општината поврзани со инвестиции на проекти како МХЕЦ Дошница. Исто така, до Општина Демир Капија не се доставени никакви барања и известувања од надлежни институции, организации и слично, дека се планира инвестирање во такви објекти на територија во некоја од соседните општини на реката Дошница и Бошава кои минуваат и низ територијата на општина Демир Капија, информираат од Кабинетот на градоначалникот на Демир Капија.

На прашањето, дали постои ризик од намалување на издашноста на изворите и нарушување на водоснабдителните системи за локалното население поради пренасочување на водата за потребите на хидроелектраната, одговараат дека поради немање техничка документација, официјални и детални информации за инвестицијата, не се во можност да дадат мислење.

-Со инвестиции кои ја пренасочуваат водата од речниот слив, можни се влијанија врз опстанокот на живиот свет во речниот слив, особено на ендемските видови, децидни се од Општината.

Сметаат и дека за ваквите проекти, треба да се земат предвид реакциите на локалното население.

-Општина Демир Капија не е консултирана пред реализација на ваквите проекти и би требало да се земат предвид реакции од страна на општината како засегната страна, напоменуваат од Кабинетот на градоначалникот.

Во Македонија поставени над 100 мали електрани, доделени десетици концесии преку државни тендери

Повеќе региони во земјава се „зафатени“ со мали хидроелетрани. Најголема е концентрацијата во западниот, северозападниот и источниот дел од земјата

Во Пелагонискиот и Преспанскиот регион (Битола, Ресен, Демир Хисар) МХЕ има на Брајчинска и Кранска Река во Преспанско, на речните текови во Демирхисарско (Голема Илинска, Кушница, Мала Река) и во подрачјата околу Баба Планина.

Во Источна и Североисточна Македонија (Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Делчево, Берово) МХЕЦ има на сливовите на Крива Река, Брегалница, Каменичка Река и планинските притоки на Осогово, Беласица и Плачковица, каде конфигурацијата на теренот нуди добри услови за проточни хидроцентрали.

Во Скопскиот регион помали хидроцентрали се изградени или планирани на водни текови во околината на Скопска Црна Гора (на пр. Бањанска Река) и поречито на Патишка Река (Карџица/Јакупица).

Мали хидроелетрани има и во Полошко, како и во Националниот парк Маврово (на реките околу Шар Планина, Маврово и Река, како малешевските и реканските притоки, подрачјата околу Жировница, Теарце, Галичник).

Се зголемува ли свеста за заштита на природата?

Во последните години изградбата на нови мали хидроелектрани се соочува со силен отпор од локалното население и еколошките организации. На многу места беа организирани протести и блокирани градилишта бидејќи се смета дека цевководите на овие централи ги оставаат речните корита суви, го уништуваат биодиверзитетот и ги загрозуваат локалните екосистеми. Како резултат на овие притисоци, државните власти во изминатиот период најавуваа ревизии и прекин на нови концесии, особено за оние што се наоѓаат во строги заштитени подрачја и национални паркови.

„Светла точка“ е и Националниот парк Шар Планина кој на 28 јули годинава соопшти дека во координација со надлежните државни институции, почнала демонтажата и изнесувањето на цевководите од малите хидроцентрали „Пена 84“ и „Пена 85“ во долината на Лешница.



Фото 7. Теренски интервенции на планински пристапен пат, користени како илустрација за делот за Лешница. Извор; https://makedonskisumi.blogspot.com/

Според Националниот парк, станува збор за значаен чекор кон обновување на природниот екосистем.

-Природата не се чува само со зборови. Таа се чува со дела, со знаење, со истрајност и со храброст да се донесат одлуки во нејзин интерес. На денешниот Светски ден на заштитата на природата сакаме со јавноста да споделиме една вест што претставува значаен чекор за иднината на Шар Планина. Во координација со надлежните државни институции, во тек е сложена операција за демонтажа и изнесување на цевководите од малите хидроцентрали Пена 84 и Пена 85 во долината на Лешница. Многу планинари, љубители на природата и посетители кои во изминатите три недели ја посетија Лешница беа сведоци дека на терен се работи. Денес, на овој симболичен ден, сакаме официјално да споделиме дека започна првиот чекор кон враќање на природата во нејзината првобитна состојба, соопштија од НП Шар Планина.

Ова е резултат, како што посочија, на долг и посветен институционален процес, во кој Националниот парк Шар Планина доследно ги застапуваше стручните, законските и природозаштитните аргументи пред сите надлежни институции, со јасна цел – заштита на долината на Лешница и зачувување на природните вредности на Шар Планина.

Поврзаноста на високи политичари, поранешни и актуелни функционери или нивни семејства со бизнисот со мали ХЕЦ во Македонија подолго време во фокусот на истражувачките новинари, антикорупциските организации и граѓанскиот сектор

Изминативе години различни новинарски истражувања (ИРЛ, Радио Слободна Европа) беа насочени кон тоа дека во бизнисот со производство на струја од мали ХЕЦ и добивање државни концесии се појавувале имиња или семејни фирми на лица блиски до врвот на политичката сцена (поранешни министри, премиери, советници и пратеници од различни партии), кои наводно ги користеле поволностите од државните субвенции за обновливи извори на енергија.

Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) отвори предмети за проверка на судир на интереси. Истражуваше случаи во кои високи функционери или лидери на партии биле поврзани со фирми кои аплицирале за концесии или граделе мали хидроцентрали. Во одредени предмети, ДКСК ја прекина постапката со образложение дека во периодот на носење на одлуките за тие тендери, лицата не биле на функција или немало директен судир на интереси.

Извештаите на ДКСК и на невладините организации (како „Еко-свест“) потенцираат дека системот за доделување концесии за мали ХЕЦ со години содржел високи корупциски ризици. Тоа се должи на леснотијата со која политички моќни поединци можат да обезбедат урбанистички дозволи, водни право и државно земјиште, честопати во еколошки чувствителни подрачја и национални паркови (како Маврово и Шар Планина).

Како што објави невладината организација „Еко свест“, иако наодите на Државниот завод за ревизија (ДЗР) од 2021 година јасно укажуваат на бројни штети од изградбата на малите хидроцентрали и на недосладности во постапките за издавање дозволи, државните институции продолжуваат со охрабрување за реализација на вакви проекти во заштитените подрачја во Македонија.

Во Извештајот на ДЗР за „Експлоатација на водни ресурси при производство на електрична енергија“ се утврдени сериозни прекршувања на постапката за издавање концесии за МХЕЦ. Се наведува дека сè уште се евидентни сериозни прекршувања од постапката на издавање концесии до подготовката на стратешките документи. Во овој процес, покрај несоодветноста на елаборатите за заштита на животната средина, на директен удар се и правото на учество на граѓаните за прашања од животната средина, загарантирани со Архуската конвенција, која исто така е ратификувана од Македонија.

Констатирано е и дека стратегиите за развој за енергетиката и за искористување на обновливите извори врз чија основа се издадени најголем дел од концесиите, се без стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, а од суштинска важност за овие процеси е и Законот за климатска акција кој сè уште не е донесен.
Во извештајот на ДЗР е евидентирано дека комисиите за спроведување на тендерските постапки никогаш не изработувале студии за концесиски проект и не правеле прелиминарна оцена на влијанието врз животната средина, иако тоа е законска обврска. За некои од тендерите нема физибилити студија и воопшто нема конечна одлука за спроведување

тендерска постапка. При издавањето на водното право никогаш не е направен преглед на објектите за зафаќање вода, што е исто така законска обврска. Како што укажува „Еко свест“, овој проблем дополнително се влошува со тоа што инвеститорите ретко се придржуваат и до основните мерки за заштита согласно елаборатите, недостатокот на капацитети на Државните инспекторати и, несоодветното разграничување на надлежностите на инспекциските служби.

-И покрај континуираната заложба на Еко-свест во однос на разрешување на несоодвеноста на постапката за изградба на МХЕЦ и занемарувањето на законски пропишаните обврски кое е дополнително потврдено во Извештајот на ДЗР од 2021 година, институциите продолжуваат да го овозможуваат сериозното нарушување на еко-системите во природата кои доведуваат до катастрофални последици за локалното население и биодиверзитетот преку нарушување на системите за снабдување на вода за пиење, нарушување на живеалиштата и миграциите на дивиот свет со што директно ја загрозуваат животната средина, велат од „Еко свест“.

Оваа содржина е изработена со финансиска поддршка од Agence Française de Développement (AFD) и Expertise France во рамки на проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“ имплементиран од страна на Македонското здружение на млади правници, во партнерство со Центарот за правни истражувања и анализи, Здружение за одржлив развој Милеуконтакт Македонија и Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија. Содржината е единствена одговорност на авторите и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Agence Française de Développement (AFD) и Expertise France.